# Заев е кукавица и плашливец кој нема храброст да го испита злосторството кај Вејце од неговите колеги од ДУИ

Зоран Заев е особено храбар и секојдневно ликува на нарачаните осуди на уставобранителите на затворски казни повеќе од два века.

Заев не крие дека сака масовно испитување на случаите за кои се заинтересирани неговите миленици Албанци, како што се, Диво Насеље, Монструм, Бродец, Сопот и притоа со политички одлуки на СДСМ и ДУИ масовно се ослободуваат инволвираните Албанци во овие случаи.

Но, Зоран Заев е кукавица и плашливец кога се работи за испитување на случаите за кои е заинтересиран и македонскиот народ, како што се Вејце, Карпалак, Љуботенски пат… а во кои македонските бранители беа пратени во заседа и мораа да загинат. За овие случаи, од страна на Заев целосен молк.

И по повод годишнината од масакрот кај Вејце во кој осумината македонски бранители беа ѕверски убиени, Заев нема храбост најпосле да започне со расчистување со еден од најкрвавите и најбруталните масакри во поновата македонска историја.

Една од првите задачи на новата легална власт на Единствена Македонија ќе биде токму расчистувањето на сомнителното загинување на македонските бранители, одговорност мора да има. Расчистувањето може да оди многу лесно, бидејќи во македонската тајна полиција постојат оперативни документи од кои се гледа дека убијците на македонските бранители седат рамо до рамо со Зоран Заев во извршната и законодавната власт

на СДСМ.

**Центар за комуникации на Единствена Македонија**
**Скопје, понеделник, 29 април 2019**